## Опис на работни задачи за ангажирање на надворешна ексертиза за онлајн кампања

Во рамките на проектот „Од младинско зајакнување кон институционална сопственост ПЕЛО / Transitioning Pelagonia's Youth Empowerment to Local Ownership PELO" – финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Р. Северна Македонија, организацијата Про Локал ги поканува сите заинтересирани правни лица да доставаат потребни документи согласно со постапката за избор на надворешна експертиза за онлајн кампања за подигање на свеста за младинско учество, за креирање и објавување на оригинална содржина (видео, фото, текст, креативи и др.), а во врска со промоција на проектните активности.

**А. Основни податоци за проектот**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Главна цел на проектот:**
Да се поттикне системска промена во Пелагонија преку премин од проектно водени активности кон локално сопствени и одржливи механизми, со овозможување на младите активно да учествуваат во управувањето, во значајна вработеност и во влијателни локални акции — обезбедувајќи долгорочна инклузивност и отпорност на заедницата.

**Краток опис на проектот:**
**Проектот PELO (2025–2027)** претставува трета фаза од долгорочните напори на Про Локал за јакнење на младите во руралните општини на Пелагонија. Проектот се надоврзува на претходните успеси – воспоставување младински совети, нови локални младински здруженија и Регионална младинска платформа – кои остануваат кревки без посилна институционална поддршка. PELO одговара на овие предизвици преку вградување младински услуги и учество во општинското управување, јакнење на младинските организации и создавање структурирани партнерства со бизнис-заедницата.

Клучни компоненти се:

- **Отворање Младински центри** во 7 рурални општини, ко-управувани од здруженија и општини, со транспарентно финансирање и партиципативно планирање.
- **Јакнење на капацитетите на младите и на граѓанскиот сектор**, за тие самостојно да водат програми и да ко-креираат политики со општините.
- **Поврзување на младите со бизнис секторот** преку менторства, практикантства и Регионален младински бизнис форум, за справување со високата младинска невработеност и миграција.

- **Видливост и промоција на младите** преку континуирана дигитална кампања, раскажување на младински приказни и регионални настани што ги претставуваат младите како активни чинители во развојот на заедницата.

До крајот на проектот, Пелагонија се очекува да стане **модел за инклузија на руралните млади**, каде што општините, младинските организации и компаниите заеднички ќе создаваат политики и практики што им даваат на младите реално влијание, можности и причини да останат и да напредуваат во своите заедници

**Финансиран од:**
Амбасадата на Кралството Холандија во Р.Северна Македонија, програма МАТРА

**Времетраење на проектот:** од 15.07.2025 до 15.07.2027

**Б. Опис на работни обврски на правното лици**

Кампања на социјалните медиуми на Про Локал Битола (Instagram и Facebook) преку која ќе се промовираат добри практики, младински успеси и регионална соработка преку куриран неделен контент и младински раскажувања.

Изработка и објавување на онлајн содржини, фото и видео материјали (обезбедени од фотограф ангажиран од правното лице, кој ќе биде присутен и за време на проектните настани), креативно раскажување инспирирано од проектните активности, со цел проектните постигнувања да одекнат и надвор од директните корисници – достигнувајќи и влијаејќи врз поширокото општество.

<u>Прилог 1 на овој документ : Број и видови на проектни активности предвидени согласно проектната апликација</u>

- **Минимум индикатори за кампања на социјални медиуми (само органски)**
- 52 објави/годишно
- 400.000 импресии/годишно
- 3000 engagements/годишно
- 400 нови следбеници (Инстаграм + Фејсбук заедно).

- **Согласно горе наведениот опис, правното лице ќе треба да достави:**

1. Концепт за визуелен идентитет на кампањата
2. Предлог медиа план-динамика за објавување на содржините (тип и временски индикитавен разговор)

**В. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**
- Искуство во соработка со невладини организации
- Искуство во реализација на активности/кампањи поврзани со млади

**Специфични квалификации:**
- Најмалку 2 Договори за осмислување и иплементација на кампањи за подигнување на свеста за општествени прашања
- Најмалку еден фотограф (вработен или ангажиран со Договор за дело)
- Најмалку еден креатор на дигитална содржина (вработен или ангажиран со Договор за дело)

**Г. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на ангажманот:**
Временска рамка на спроведување на активностите е од 15.10.2025-15.07.2027

**Паричен надоместок:** 262 500 денари, бруто износ

**Д. Заинтересираните кандидати треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат
- Предлог концепт за визуелен идентитет на кампањата
- Предлог медиа план- динамика за објавување на содржините
- Тековна состојба на добавувачот не постара од една година
- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации : најмалку 2 Договори и Портфолио на реализирани проекти
- Биографии за предложените фотограф и креатор на дигитална содржина
- Потпишана изјава за достапност на фотографот и креаторот на дигитална содржина во периодот за реализација
- Финансиска понуда

**Про Локал го задржува правото по потреба да побара оригинали на документи на увид*

Кандидатите ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Про Локал, врз основа на претходно воспоставените критериуми наведени во делот В кои се исклучувачки критериуми и претходат на квалитативната евалуација на предложениот концепт за визуелен идентитет на кампањата и медиа план- динамика за објавување на содржините на компанијата.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на: coordinator@prolocal.mk и cso.prolocal@gmail.com
Како наслов на електронската порака наведете: ,„Апликација за надворешна ексертиза за онлајн кампања со број 05-05/1"
Документе во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице

**Краен рок за пријавување:** 10.10.2025, 16:00 часот

Битола,

02 октомври, 2025 Претседател на ЗГ Про Локал

Емилиа Ѓероска